АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202-1038/15
24. 12 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член на 31 од Статутот на Црвен крст на Република Северна Македонија Раководниот одбор на Црвениот крст на РСМ, на седницата одржана на ден 22.12.2020 година донесе

# ПОЛИТИКА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД КОРУПЦИЈА НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ВОВЕД

Политика за превенција од корупција во Организацијата на Црвениот крст на Република Северна Македонија на сите нивоа на поставеност е базирана на пристапот на Меѓународната Федерацијата на Црвен крст и Црвена полумесечина за спречување и контрола на корупција, и вклучува постапки на истрага што ќе се спроведуваат доколку има сомневање за постоење на корупција.

Црвениот крст на Република Северна Македонија е посветен на високи етички стандарди, транспарентност и одговорност кон сите внатрешни и надворешни чинители, вклучително и општинските организации на Црвениот крст и Црвен крст на град Скопје, вработените, членовите, волонтерите, корисниците, донаторите, партнерите што соработуваат, изведувачите или добавувачите.

Црвен крст на Република Северна Македонија, во согласност со најдобрите практики за управување со ризици, воспоставува силни внатрешни механизми за превенција и контроли на сите нивоа на организациска поставеност, раководна и управувачка структура. Доколку се докаже корупција, ќе бидат спроведени соодветни дисциплински мерки и превземени законски правни мерки.

Еден од механизмите е Политиката за утврдување, спречување и надминување конфликт на интереси кај носители на функции, членови на раководни структури и Финансиска комисија од 2017 година и Политиката за утврдување, спречување и надминување конфликт на интереси кај управувачка структура и вработени од 2018 година.

Покрај тоа, на сила се и повеќе интерни акти со кои се пропишуваат Кодекси на однесување на членови, волонтери и вработени во стручната служба на Црвениот крст на РСМ и бројни норми за однесување и постапување при вршење на службената должност, а во согласност со општоприфатените норми на етика.

## ОДГОВОРНОСТ НА РАКОВОДНА И УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА И СТРУЧНА СЛУЖБА

Црвениот крст на Република Северна Македонија не толерира коруптивно однесување, како искористување на функцијата, службената должност и положба за остварување на било каква лична корист или корист за свој близок. Црвениот

крст на РСМ не толерира било каква друга форма на неморално и неетичко однесување забрането со закон, Статут и интерните акти и спротивно на кодексите на однесување.

Раководната и управувачката структура е одговорна за проценка и отстранување на ризиците кои може да допринесат за корупција, проневера, поткуп, крадење, судир на интереси и користење на влијанија со цел добивање повластен третман или постигнување на цел, односно остварување на корист, или било каква друга форма на незаконско и неетичко однесување.

Вработените во стучната служба се должни да се однесуваат одговорно и чесно и да ги почитуваат пропишаните процедури и рокови, да бидат лојални на Организацијата, да избегнуваат судир на интереси и истиот да го пријавуваат, и да се грижат за угледот и претставувањето на Организацијата во јавноста.

Член, генерален секретар/секретар или вработен се должни да пријават било какво коруптивно однесување на начин предвиден во процедурата за поднесување на пријава во случај на постоење на сомнеж за корупција или друго неетичко однесување или постапување.

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И ПОСТАПКА ПО ПРИЈАВА

Член, генерален секретар/секретар или вработен на кој што им бил понуден поткуп или биле поттинкувани на незаконски или неетички дејствија треба веднаш на културен начин да ја прекинат комуникацијата и контактот со лицето кое нуди поткуп и во писмена форма да го известат за случајот одговорното лице или орган.

Член, генерален секретар/секретар или вработен коишто биле сведоци или имаат основани сомневања за незаконско или неетичко однесување во редот на членовите или вработените, должни се во писмена форма за случајот одговорното лице или орган.

Пријавувањето на коруптивно однесување е должност на секој член на раководната или управувачка структура, или вработен и не преставува право на избор или лично прашање и одлука, туку е дел од службената одговорност и должност.

На членот, генерален секретар/секретар или вработен кој пријавува корупција му се гарантира доверливост на информациите. Кога станува збор за анонимна пријава по истат ќе се постапува само доколку содржи доволно информации и податоци врз основа на кои ќе може да се утврди фактичката состојба.

За целите на постапката и поднесувањето на пријави, Раководниот одбор со одлука формира работно тело, Комисја за антикорупција во Црвениот крст на РСМ. Членови на Комисијата се избираат од редот на членовите на Раководниот одбор. Во случај кога пријава е поднесена против член на Комисијата, истиот се иззема од работата за конкретната пријава и на негово место Раководниот одбор назначува нов член за конкретниот случај.

Комисијата работи на состаноци кои се свикуваат по потреба по поднесена пријава. Комисијата има обврска да ја разгледа пријавата, да ги истражи наводите во пријавата, да ја утврди фактичката состојба, да оствари контакт со релевантни лица по пријавата. За својата работа за секој конкретен случај подготвува Мислење и истото го поднесува до Раководниот одбор.

Раководниот одбор го разгледува Мислењето на Комисијата и донесува одлука по конкретниот случај. При одлучувањето Раководниот одбор може:

- да ја отфрли пријавата како неоснована;
- да го врати предметот на Комисијата на дополнителна проверка и комплетирање,
- или да донесе Одлука согласно интерните акти на Црвениот крст за поведување на постапка за одговорност.

ОДГОВОРНОСТ НА ПОДНОСИТЕЛ НА ПРИЈАВА

Член, генерален секретар/секретар или вработен кој поднесува пријава за конкретен случај е должен истата да ја темели на вистинити факти. Комисијата има обврска да гарантира право на заштита од одмазди и закани за лицето кое пријавило незаконско или неетичко однесување и постапување.

Доколку се докаже дека лицето кое поднело пријава истото го направило тенденциозно или со зла намера, и/или дало лажен исказ, против него ќе бидат преземени мерки за поведување на постапка за одговорност.

Претседател
Проф. Д-р Ромел Велев

Врз основа на член на 31 од Статутот на Црвен крст на Република Северна Македонија Раководниот одбор на Црвениот крст на РСМ, на седницата одржана на ден 22.12.2020 година донесе

# ПОЛИТИКА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД КОРУПЦИЈА НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ВОВЕД

Политика за превенција од корупција во Организацијата на Црвениот крст на Република Северна Македонија на сите нивоа на поставеност е базирана на пристапот на Меѓународната Федерацијата на Црвен крст и Црвена полумесечина за спречување и контрола на корупција, и вклучува постапки на истрага што ќе се спроведуваат доколку има сомневање за постоење на корупција.

Црвениот крст на Република Северна Македонија е посветен на високи етички стандарди, транспарентност и одговорност кон сите внатрешни и надворешни чинители, вклучително и општинските организации на Црвениот крст и Црвен крст на град Скопје, вработените, членовите, волонтерите, корисниците, донаторите, партнерите што соработуваат, изведувачите или добавувачите.

Црвен крст на Република Северна Македонија, во согласност со најдобрите практики за управување со ризици, воспоставува силни внатрешни механизми за превенција и контроли на сите нивоа на организациска поставеност, раководна и управувачка структура. Доколку се докаже корупција, ќе бидат спроведени соодветни дисциплински мерки и превземени законски правни мерки.

Еден од механизмите е Политиката за утврдување, спречување и надминување конфликт на интереси кај носители на функции, членови на раководни структури и Финансиска комисија од 2017 година и Политиката за утврдување, спречување и надминување конфликт на интереси кај управувачка структура и вработени од 2018 година.

Покрај тоа, на сила се и повеќе интерни акти со кои се пропишуваат Кодекси на однесување на членови, волонтери и вработени во стручната служба на Црвениот крст на РСМ и бројни норми за однесување и постапување при вршење на службената должност, а во согласност со општоприфатените норми на етика.

## ОДГОВОРНОСТ НА РАКОВОДНА И УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА И СТРУЧНА СЛУЖБА

Црвениот крст на Република Северна Македонија не толерира коруптивно однесување, како искористување на функцијата, службената должност и положба за остварување на било каква лична корист или корист за свој близок. Црвениот

крст на РСМ не толерира било каква друга форма на неморално и неетичко однесување забрането со закон, Статут и интерните акти и спротивно на кодексите на однесување.

Раководната и управувачката структура е одговорна за проценка и отстранување на ризиците кои може да допринесат за корупција, проневера, поткуп, крадење, судир на интереси и користење на влијанија со цел добивање повластен третман или постигнување на цел, односно остварување на корист, или било каква друга форма на незаконско и неетичко однесување.

Вработените во стучната служба се должни да се однесуваат одговорно и чесно и да ги почитуваат пропишаните процедури и рокови, да бидат лојални на Организацијата, да избегнуваат судир на интереси и истиот да го пријавуваат, и да се грижат за угледот и претставувањето на Организацијата во јавноста.

Член, генерален секретар/секретар или вработен се должни да пријават било какво коруптивно однесување на начин предвиден во процедурата за поднесување на пријава во случај на постоење на сомнеж за корупција или друго неетичко однесување или постапување.

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И ПОСТАПКА ПО ПРИЈАВА

Член, генерален секретар/секретар или вработен на кој што им бил понуден поткуп или биле поттинкувани на незаконски или неетички дејствија треба веднаш на културен начин да ја прекинат комуникацијата и контактот со лицето кое нуди поткуп и во писмена форма да го известат за случајот одговорното лице или орган.

Член, генерален секретар/секретар или вработен коишто биле сведоци или имаат основани сомневања за незаконско или неетичко однесување во редот на члeновите или вработените, должни се во писмена форма за случајот одговорното лице или орган.

Пријавувањето на коруптивно однесување е должност на секој член на раководната или управувачка структура, или вработен и не преставува право на избор или лично прашање и одлука, туку е дел од службената одговорност и должност.

На членот, генерален секретар/секретар или вработен кој пријавува корупција му се гарантира доверливост на информациите. Кога станува збор за анонимна пријава по истат ќе се постапува само доколку содржи доволно информации и податоци врз основа на кои ќе може да се утврди фактичката состојба.

За целите на постапката и поднесувањето на пријави, Раководниот одбор со одлука формира работно тело, Комисја за антикорупција во Црвениот крст на РСМ. Членови на Комисијата се избираат од редот на членовите на Раководниот одбор. Во случај кога пријава е поднесена против член на Комисијата, истиот се иззема од работата за конкретната пријава и на негово место Раководниот одбор назначува нов член за конкретниот случај.

Комисијата работи на состаноци кои се свикуваат по потреба по поднесена пријава. Комисијата има обврска да ја разгледа пријавата, да ги истражи наводите во пријавата, да ја утврди фактичката состојба, да оствари контакт со релевантнни лица по пријавата. За својата работа за секој конкретен случај подготвува Мислење и истото го поднесува до Раководниот одбор.

Раководниот одбор го разгледува Мислењето на Комисијата и донесува одлука по конкретниот случај. При одлучувањето Раководниот одбор може:

- да ја отфрли пријавата како неоснована;
- да го врати предметот на Комисијата на дополнителна проверка и комплетирање,
- или да донесе Одлука согласно интерните акти на Црвениот крст за поведување на постапка за одговорност.

ОДГОВОРНОСТ НА ПОДНОСИТЕЛ НА ПРИЈАВА

Член, генерален секретар/секретар или вработен кој поднесува пријава за конкретен случај е должен истата да ја темели на вистинити факти. Комисијата има обврска да гарантира право на заштита од одмазди и закани за лицето кое пријавило незаконско или неетичко однесување и постапување.

Доколку се докаже дека лицето кое поднело пријава истото го направило тенденциозно или со зла намера, и/или дало лажен исказ, против него ќе бидат преземени мерки за поведување на постапка за одговорност.

Претседател
Проф. Д-р Ромел Велев